ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 15 ДАТА 22.07.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 15 ДАТА 22.07.2020


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 21.07.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Ињази Артан од ФК „Шкендија АД„ Тетово и Адеми Илирид од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, по член 35/3.

❖ **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Робсон Луиз Карлос Да Силва го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

❖ **Склучување на професионални договори**:

ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудбалерите: Адеми Ирилид и Фатјон Јусуфи склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

ФК „Шкупи 1927„ од Скопје и фудбалерот Ињази Артан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

❖ **Бришење до регистер:**

Се брши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје фудбалерот Робсон Луис Карлос Да Силва од Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Гулу Фират од Фудбалскиот клуб „Челик„ од Босна и Херцеговина за Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје по член 35/11. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 3 години, до Летен преоден рок 2023 година, поради некомплетна документација.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Наумовски Кристијан од Фудбалскиот клуб „Балзан„ од Малта за Фудблскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје по член 35/11. Не се објавува и неговиот прфесионален договор во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година, поради некомплетна документација.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 21.07.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ОСОГОВО„ Кочани: Велинов Стојанчо од ГФК „Охрид Лихнидос„ Охрид, чл. 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 21.07.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ТИКВЕШ 1930„ Кавадарци: Стојанов А. Благој од ФК „Беласица АД„ од Струмица, по член 35/3.

Христов Б. Симеон од ФК „КС Влазниа Шкодер„ од Албанија, по чл. 35/11.

Лазаров Г. Андреј од ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/8.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО**
**Дополнување на седница**
**од 23.06.2020 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудблерот Ристов Денис за Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ од Кратово, по член 35/11. Не се објавува и неговиот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година, поради некомплетна документација.

**Седница од 21.07.2020 година**

- **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ Кратово и фудбалерите: Тантуровски Г. Дејан и Мустафов Д. Бурхан склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Седница од 20.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЈАНГ ТИМ„ Струга: Муртиши Ислам, Рамадани Бехар, Берова Леарт, Аласани Зилал, Алијоски Азиз, Јускоски Екрем, Бахриу Бахри, Мејдиноски Шевал, Алиески Амер,Лапоски Махир,Зенделоски Тасим,Бекри Рамадан, Асани Енсар, Јусуфи Исмаиљ, Алиески Ислам, Нуроски Нуредин, Алиевски Емир, Синани Блерон, Велиоски Амел, Мемишоски Хадис, Махмудоски Изет, Ќазимоски Бејадин, Велиоски Мухамед од ФК „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа, по член 35/3.

ФК „ИДНИНА„ с. Боровец: Фејзулоски Мерлин, Сефиданоски Демиш, Лапоски Шевал, Кормакоски Миралем, Беќироски Един, Ќазимоски Халид, Беќироски Амил, Салкоски Хадис, Максутоски Емел, Ејупоски Бајрам од ФК„Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Струга фудблерите: Делиај Фјоралб и Кировски Христијан од ФК „Струга Трим Лум„ од Струга,Љамчевски Петар, Лескароски Дејан од ФК „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа, Азири Егзон, Љутфиу Мергим, Алији Елмир од ФК „Кораби„ од Дебар, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Дополнување на седница од**
**20.07.2020 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудблетрите: Шаќири Шеријат, Исаку Едмонд, Лита Јетмир, Шаќири Рини, Абази Аргетим, Амзаи Роналд, Корча Ермир, Циула Еуген, Шеји Самед и Исаку Линор за Клубот во мал фудбал „Енхалон 2020„ од Струга, по член 35/1, бидејќи сите наведени фудбалери немаат доставено документ за идентификација.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 21.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Радески Т. Марјан од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, по член 35/3.

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Академија Пандев АД„ од Тетово и фудбалерот Дориев Љупче го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Беласица АД„ од Струмица и фудбалерите: Василев Александар, Шопов Ѓорѓи, Сулев Стефан, Каланоски Антонио, Митевски Зоран, Митев Роберт, Арбен Тафа и склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Фудблскиот клуб „Беласица АД„ од Струмица и фудбалерите Серафимовски Јордан и Ѓорѓиев Димитар склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

Фудбалскиот клуб „Беласица АД„ од Струмциа и фудбалерот Мирчевски Мартин склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2023 година.

Фудбалскиот клуб „Академија Пандев АД„ Струмица и фудбалерот Радески Марјан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Да Силва Робсон од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје за ФК „Беласица АД„ од Струмица по член 35/3 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор склучен со ФК „Беласица АД„ од Струмица.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 20.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ Нов Дојран: Пауновиќ Н. Деспина од ЖФК „Љуботен„ од Тетово и Котеска Г. Надица од ЖФК „Драгон 2014„ од Скопје, по чл. 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 21.07.2020 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудблскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерот Мичковски В. Тони, го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА
**Седница од 21.07.2020 година**

- **Регистрации на фудбалери:**

ФК „КРАВАРИ„ с. Кравари: Алимовски Џ. Хакан, Алимовски Џ. Арбен и Николовски З. Антонио од ФК „Космос Спорт„ од с. Будаково, по член 35/3.

ЖФК „КОНЗУЛИ ЈУНАЈТЕД„ Битола: Петровска Ивана, Кузманоска Вероника, Трпческа Марија, Трпческа Елена, Тасева Ивана, Трпческа Александра, Неделкоска Марија, Љамчевска Весна, Бошевска Леа, Ивановска Христина, Ивановска Ангела, Котевска Кристина,, Кумчевска Јована, Христовска Вероника, Дамчевска Марија, Михајловска Ангела, Николовска Марија, Радевска Фросина, Грначарова Љамчевска Елена, Тасевска Мирјана, Милевска Јасмина,Тасевска Ивана,Здравковска Ангела,Марковаска Сара,Ралевска Евгенија, по член 35/1

Киранова В. Теодора од Женскиот фудбалски клуб „Конзули Јунајтед„ од Битола, по член 35/2.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евидернција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Пивковски С. Мартин и Шурбевски Р. Михаил од Фудбалскиот клуб „Еден на Еден„ од с. Могила, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР
**Седница од 20.07.2020 година**

- **Регистрации на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР„ с. Форино: Лескароски Љ. Дејан од ФК „Лабуништа 2011„ с. Лабунишгта, Љутфиу А. Мергим, Азири Езгон, Алији И. Елмир од ФК „Кораби„ од Дебар, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудблски сојуз Гостивар фудбалерот Рамадани И. Бесир од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Настевски П. Иван од Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип за фудблскиот клуб „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар, по член 35/3, бидејќи нема доставено уплатница од 13.000,00 денари за обесштетување на фудбаласкиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип.

**Дополнување на документација од**
**Седница од 01.07.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Јанк Кривак склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2022 година.

Забелешка: Фудбалксиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово достави потребна документација за објавување на наведениот професионален договор со Јан Кривак и поради тоа Комисијата го објави договорот. Меѓутоа, ФК „Шкендија АД„ од Тетово должна е да достасви Барање од МВР за престој во Република Северна Македонија еден месец пред истекот на престојот на фудблерот 22.01.2021 година

**Седница од 20.07.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Склучување договори за професионално тренирање:**

Фудбалскииот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалскиот тренер Ернест Ѓока од Тирана - Република Албанија на ден 01.07.2020 година склучија Договор за професионално тренирање фудбал на сениорската екипа на клубот како главен тренер (Шеф на Стручниот штаб на ФК „Шкедниаја АД„ Тетово) во времетраење од 11 месеци и важи до 31.05.2021 година.

Фудбалскиот клуб Шкендија АД„ од Тетово и фудбалскито тренер Фатјон Тафај од Тирана – Република Албанинја на ден 01.07.2020 година склучија Договор за професионално тренирање фудбал на сениорската екипа како Асистент тренер во времетрање од 11 месеци и важи до 31.05.2021 година.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалкси сојуз Тетово фудблерите: Радески Марјан, Љоки Џ. Аган, Мици В. Гледи, Сапаро Амаро Нето, Ибраими Агим и Фазли Е. Самир од Фудбалскиот кклуб „Шкендија АД„ од Тетово, Мехмеди Бујамин од Фудбвалскиот кклуб „Беса„ од с. Челопек, Пауновиќ Н. Деспина од ЖФК „Љубогтен„ од Тетово и Даут Илир од Фудбалскиот клукб „Рен ова АД„ од с. Џепчиште, поради преминување со регистрација на теритоирја на друг Општински фудбалски сиојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Стојчевски Ј. Филип од Фудбалскиот клуб „Сиони Болниси„ од Република Грузија за Фудбалскиот клуб „Ренова АД„ од с. Џепчиште – Тетово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор времетаење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Хусиќ О. Сенад од Фудбалскиот клуб „КФ Лапи„ од Подујево од Република Косово за Фудбалскиот клуб „Ренова АД„ од с. Џепчиштге по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/3
11.07.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа:

- На седницата одржана на ден **30.06.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1509/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1509/3
  - Одлука со деловоден број 0202-1509/4
  - Одлука со деловоден број 0202-1509/5
  - Одлука со деловоден број 0202-1509/6
  - Одлука со деловоден број 0202-1509/7

- На седницата одржана на ден **08.07.2020** година и тоа:
  - Одлука со деловоден број 0202-1586/2
  - Одлука со деловоден број 0202-1586/3
  - Одлука со деловоден број 0202-1586/4

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката ќе се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.07.2020 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1589/3

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/4
11.07.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на овластувањата добиени од Генералното собрание на ФФМ одржано на ден 17.03.2019 година а во врска донесената Одлука бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 година за измени во регионалната поставеност и систем за натпреварување во првенственото натпреварување во категорија Фудбал за сениори, на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за измени на Одлуката за измени во регионалната поставеност и систем за натпреварување во првенственото натпреварување во категорија Фудбал за сениори

1. Се менува точка 1 од Одлуката бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 година и истата гласи:
Се вршат измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги.

2. Се укинува точка 2 од Одлуката со која натпреварувањето во Втора МФЛ од натпреварувачката 2021/22 ќе се одвива во една единствена Втора МФЛ.

3. Точка 3 од Одлуката со која се утврдува регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги станува точка 2 и останува иста.

4. Се укинува точка 4 од Одлуката со која бројот на клубови и пополнувањето на Втора МФЛ ќе се регулира со Пропозициите за натпреварување во согласност со Приказот на измени во регионална поставеност и системот на натпреварување во сениори /фудбал за сезоната 2020/2021; 2021/22.

5. Точка 5 станува точка 3 ,се менува и гласи:
Приказот на измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги е составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

7. Оваа одлука да се презентира на Генералното Собрание на ФФМ и пречистениот текст на диспозитивот со точките 1, 2 и 3 кој гласи како подоле да се даде на потврдување на Генералното собрание на ФФМ:

**7.1** Се вршат измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги.
**7.2.** Се утврдува регионалната територијалната распореденост на ОФС во 5(пет) региони каде се организираат 5(пет) Трети лиги и тоа:
- Источен регион со (5)ОФС / Трета лига Исток:
ОФС Струмица, ОФС Штип , ОФС Свети Николе, ОФС Кочани и ОФС Пробиштип.

- Северен регион со (6)ОФС /Трета лига Север:
ОФС Г.Баба, ОФС К.Вода, ОФС Скопје, ОФС Липково, ОФС Куманово и ОФС Кратово.

- Јужен регион со (6)ОФС /Трета лига Југ:
ОФС Прилеп, ОФС Велес, ОФС Кавадарци, ОФС Неготино, ОФС Валандово и ОФС Гевгелија.

- Западен регион со (3) ОФС /Трета лига Запад:
ОФС Тетово, ОФС Гостивар и ОФС Кичево.

- Југозападен регион со (6)ОФС /Трета лига Југозапад:
ОФС Битола, ОФС Ресен, ОФС Охрид , ОФС Струга, ОФС Д.Хисар и ОФС Македонски Брод.

**7.3** Приказот на измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги е составен дел на оваа одлука.

8. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата одржана на 11.07.2020 година Управниот одбор пристапи кон преоценување на целисходноста на Одлуката бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 година за измени во регионалната поставеност и систем за натпреварување во првенственото натпреварување во категорија Фудбал за сениори и доставена со материјалите до делегатите на Собранието на ФФМ.

Преоценувањето го спроведе со цел усогласување на оваа одлука со одлуките за прекин на првенството и купот во сите категории, кои Управниот одбор ги донесе заради настанатата виша сила - прогласената пандемија со Ковид 19 и превземените мерки за заштита на јавното здравје.

Управниот одбор констатира дека Одлуката бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 година поради прекинот и неиспаѓањето на екипите од лигите не би можела да се спроведе на начин на кој тоа е уредено со Приказот на измени во регионална поставеност и системот на натпреварување во сениори /фудбал за сезоната 2020/2021; 2021/22 кој е составен дел на предметната одлука.

Управниот одбор процени дека делот кој се однесува на измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги не е засегнат од причините кои доведоа до потребата од измени на оваа одлука и остана на ставот дека регионалната поставеност има потреба од наведените измени .

Поради сето погоренаведено, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1589/4

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/5
11 07 2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот на Генералниот секретар за ревизија на постоечкиот Стратешки план на ФФМ 2016-2026.

2. Се задолжува Генералниот секретар на ФФМ да пристапи кон подготовка на на нов петогодишен Стратешки план на Фудбалската федерација на Македонија за периодот 2021-2026.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата одржана на 11.07.2020 година Управниот одбор го разгледа предлогот на Генералниот секретар за ревизија на постоечкиот стратешки план 2016-2026 година.

Управниот одбор утврди дека оваа година е петтата година од постоечкиот план и поради неговата долгорочност потребна е ревизија на активностите и целите. Новиот стратешки план би го подготвувале во соработка со УЕФА. Подготовката би значела усогласување со новите програми и фондови на УЕФА и ФИФА како и планирање на активностите и утврдување на целите во согласност со постоечките трендови во фудбалот.

Имајќи го во предвид погоренаведеното, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1589/5

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/7
11.07.2020 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 109 став 1 алинеа 14 од Статутот на ФФМ, а во врска со одлуката бр. 0202-432/11 донесена на 06.02.2020 година, на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за измени на Одлуката за измени во системот за натпреварување и воведување на двостепеност во натпреварувањето во женски фудбал

1. Се укинува точка 3 од Одлуката бр. 0202-432/11 од 06.02.2020 година со која бројот на клубови и пополнувањето во Втората лига во женска сениорска конкуренција ќе се врши согласно Пропозициите за натпреварување за натпреварувачката 2019/20 година.

2. Во останатиот дел одлуката останува непроменета.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Оваа одлука да се презентира на Генералното Собрание на ФФМ и пречистениот текст на диспозитивот со точките 1 и 2 кој гласи како подоле да се даде на потврдување на Генералното собрание на ФФМ:

**4.1** Од натпреварувачката 2020/21 година се воведува двостепеност во натпреварувањето во женски фудбал.

**4.2**. Се формира Втора лига во женска сениорска конкуренција.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На седницата одржана на 11.07.2020 година Управниот одбор утврди дека Одлуката за воведување на двостепеност во натпреварувањето во женски фудбал треба да претрпи измена во точка 3 поради неприменливост. Неприменливоста се должи на ставот да во натпреварувачката 2019/20 нема испаѓање на екипите во ниедна категорија поради што Втората лига не би можела да се пополни на начин предвиден со Пропозициите од 19/20.

Од тие причини Управниот одбор ја укина точката 3 од Одлуката бр. 0202-432/11 од 06.02.2020 година со која бројот на клубови и пополнувањето во Втората лига во женска сениорска конкуренција ќе се врши согласно Пропозициите за натпреварување за натпреварувачката 2019/20 година и донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1589/7

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/8
11.07.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува предлогот на Судискиот одбор на ФФМ и за натпреварувачката 2020/21 година, се усвојуваат:

- единствената листа на **главни судии** за Прва и Втора МФЛ;
- единствената листа на **помошни (асистенти) судии** за Прва и Втора МФЛ;
- листата на **перспективни** судии;
- листата на **перспективни помошни (асистенти) судии**;
- листата на **главни судии – жени**;
- листата на **на помошни (асистенти) судии – жени**;

2. Се усвојува предлогот на Судискиот одбор на ФФМ и за натпреварувачката 2020/21 година, се усвојува единствената листа на **контролори** за Прва и Втора МФЛ.

3. Листите на судии и котролори од точка 1 и 2 се составен дел на оваа одлука.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5. Одлуката со листите на судии и контролори да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На седницата одржана на 11.07.2020 година Управниот одбор го разгледа предлогот на Судискиот одбор на ФФМ во врска со усвојување на листите на главни и помошни судии за Прва и Втора МФЛ, листите на перспективни и перспективни помошни судии како и листите на главни судии-жени и листата на помошни (асистенти) судии – жени. Управниот одбор го разгледа и доставениот предлог за листата на контролори.

По разгледување на сите листи, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1589/8

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/9
11.07.2020 год

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се разрешува помошниот тренер на А футсал репрезентацијата Газменд Исени на негово барање.

2. За помошник тренер во стручниот штаб на А футсал репрезентацијата се назначува Орхан Ибиши.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата одржана на 11.07.2020 година Претседателот го информираше Управниот одбор за повлекувањето на помошникот тренер на А футсал репрезентацијата Газменд Исени. По кратка дискусија Управниот одбор на местото на Газменд Исени за помошен тренер го назначи Орхан Ибиши.

Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1589/9

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1589/12
11 07 2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 11.07.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Клубовите од Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад се ослободуваат од обврската за плаќање на котизација за покривање на трошоци за службени лица за натпреварувачката 2020/21 година.

2. Трошоците за службените лица на натпреварите од Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад за натпреварувачката 2020/21 година ќе ги сноси ФФМ.

3. Клубовите од Третите регионални лиги се ослободуваат од обврската за плаќање на котизација за покривање на трошоци за службени лица за натпреварувачката 2020/21 година.

4. ФФМ ќе им исплати на: Источен, Северен, Јужен, Западен и Југозападен регион, надомест на трошоци за службени лица за натпреварите од третите лиги во натпреварувачката 2020/21 година, согласно усвоена пресметка.

5. Одлуката стапува на сила веднаш.

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата одржана на 11.07.2020 година, имајќи ги во предвид програмите на ФИФА и УЕФА и способноста за непречено оперативно справување со планираните активности, Управниот одбор ја разгледа можноста за ублажување на економските последици од пандемијата со Ковид 19 на клубовите од Втора и Трета МФЛ.

Управниот одбор имаше во предвид дека ФФМ како и досега така и оваа сезона има предвидено да продолжи со регулирање на трошоците за службените лица во млади категории на сите клубови кои немаат професионални сениорски екипи во претходната сезона.

Управниот одбор процени дека со превземање на обврските за регулирање на трошоци за службените лица за сениорските екипи на клубовите од двете Втори и петте Трети лиги во натпреварувачката 2020/21 година ќе им ги ублажи економските последици на клубовите од пандемијата со Ковид 19.

Поради сето погоренаведено Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

дел.бр. 0202-1589/12

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 15-1653/2
17.07.2020 год.

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав:Димитар Џонов –претседавач, Игор Франгоски – зам.претседавач, Ачовски Дејан – член, Сулејман Ибиши – член, Гоце Цветановски –член, по барањето на ФК Питу Гули од Крушево , на седницата одржана на ден 17.07.2020 год., ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1.Комисијата за натпревари на ФФМ одлучи по барањето на ФК Питу Гули од Крушево односно по доставување на нивната одлука бр 03-13 од 10.07.2020 година доставена до ФФМ во која е донесена одлука на Управниот одбор на ФК Питу Гули, едногласно дека Управниот одбор на ФК Питу Гули одлучува натпреварувањето да го продолжи во Трета лига – Јужен регион во натпреварувачката 2020/2021 година.
Откако на членовите на Комисијата за натпревари на ФФМ им беше презентирана одлуката тие едногласно ја констатираа оваа одлука- ФК Питу Гули од Крушево натпреварувачката сезона 2020/2021 да настапува во Трета МФЛ Југ-Јужен регион .

2 Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 17.07.2020 год. го разгледа барањето на ФК Питу Гули од Крушево по пратена одлука со број 03-13 од 10.07.2020 година , Комисијата ја разгледа документацијата и притоа констатира дека екипата на Питу Гули од Крушево наредната натпреварувачка сезона 2020/2021 по нивно барање да се натперварува во Трета МФЛ- Јужен регион , и затоа одлучи како во диспозитивот.

Комисија за натпревари
Заменик Претседавач
Игор Франгоски с.р

**Правна поука:**

**Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.**

**Доставено до:**
**ФК Питу Гули Крушево**
**Архива на ФФМ**
**ОФС Прилеп- Трета МФЛ- Јужен регион**
-

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 15-1653/3
17.07.2020 год.

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав:Димитар Цонов –претседавач, Игор Франгоски – зам.претседавач, Ачовски Дејан – член, Сулејман Ибиши – член, Гоце Цветановски –член на седницата одржана на ден 17.07.2020 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1.Комисијата за натпревари на ФФМ донесе одлука нови членови на Втора МФЛ Исток да бидат екипите на **ФК Слога Виница 1924 од Виница и ФК Росоман 83 од Росоман .**

2 Одлуката стапува на сила **веднаш.**

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 17.07.2020 год. го разгледа барањето на ФК Питу Гули од Крушево по пратена одлука од нивна страна со број 03-13 од 10.07.2020 година , Комисијата ја разгледа документацијата и притоа констатира дека екипата на Питу Гули натпреварувањето ќе го продолжи во Трета МФЛ – Јужен регион , а за екипи кој ќе ја пополнат Втора МФЛ Исток ги одреди екипите на ФК Слога Виница 1934 од Виница и ФК Росоман 83 од Росоман. Комисијата го имаше во предвид ослободеното место плус во Втора МФЛ Исток па затоа донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за натпревари
Заменик Претседавач
Игор Франгоски с.р

<u>**Правна поука:**</u>

**Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.**

**Доставено до:**
**ФК Слога Виница 1934 Виница**
**ФК Росоман 83 Росоман**
**Комисија за натпервари на ФФМ**
**Архива на ФФМ**
**ОФС Прилеп- Трета МФЛ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 11-1640/2
22.07.2020 год.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа член 5в став 4 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Јане Божинов – член, Раде Трајковски-член постапувајки по барањето за промена на седиште бр. 11-1640/1 од 16.07.2020 година поднесено од Здружение на граѓани Фудбалски клуб ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа, со адреса населено место с.Лабуништа, Струга без уличен систем, со ЕМБС 6722067 и ЕДБ 4026011512643, на седницата одржана на ден 21.07.2020 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето за промена на седиште 11-1640/1 од 21.07.2020 година поднесено од ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа, со адреса населено место с.Лабуништа, Струга без уличен систем, со ЕМБС 6722067 и ЕДБ 4026011512643.

2. **СЕ ОДОБРУВА**, Фудбалски клуб ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа да отпочне постапка за промена на седиште и промена на Општински фудбалски сојуз од ОФС Струга во ОФС Тетово.

3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Фудбалски клуб ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа Струга да достави Решение за извршена промена на седиште од Централен Регистар на РМ, веднаш по уписот, а не покасно од 30 дена пред почеток на есенскиот дел од првенството.

4. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Фудбалски клуб ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа, Струга да ја следи понатамошната постапка согласно член 5в став 5 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

5. Решението стапува на сила веднаш, а ќе биде објавено во Макфудбал.

## Образложение

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 21.07.2020 година, го разгледа барањето бр. 11-1604/1 од 16.07.2020 година поднесено од Здружение на граѓани Фудбалски клуб ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа, со адреса

населено место с.Лабуништа, Струга без уличен систем, со ЕМБС 6722067 и ЕДБ 4026011512643 за промена на седиште.

Барателот со доставеното барање бр. 11-1640/1 од 16.07.2020 година и прилозите кон истото ја извести Комисијата за намерата за промена на седиште и побара одобрение за промена на седиштето на клубот од с. Лабуништа во Тетово. Со барањето Барателот приложи:

- Одлука за промена на седиште на клубот заведена под бр. 03-404 од 16.07.2020 година, донесена од страна на Собранието на клубот.
- Потврда од ОФС Тетово, издадена од ОФС Гостивар, заведена под бр. 0204/173 од 14.07.2020 година.
- Тековна состојба на ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа,.

По разгледување на доставената документација Комисијата ја констатираше следната фактичка состојба:

Барателот е клуб кој се натпреварува во Втора МФЛ - запад. Доставена е одлуката за промена на седиште на клубот заведена под бр. 03-404 од 16.07.2020 година година донесена од страна на Собранието на клубот. Доставена е потврда од ОФС Тетово заведена под бр. 0204/173 од 14.07.2020 година со која се потврдува дека на територија на ОФС Тетово нема друг клуб со исто име како барателот.

Како главна причина за промена на седиштето барателот првенствено ги наведува инфраструктурните услови, имено немањето на соодветен терен за одигрување на фудбалските натпревари поради што имаат финансиски издатоци за одигрување на натпреварите со што е отежнато финансирањето на клубот. Клубот во своето барање наведува дека во град Тетово имаат поголеми можности за финансирање од бизнис секторот во градот и пошироко како економски поразвиен регион, со чија помош во голема мера би се подобриле условите за работа во клубот.

Согласно член 5в став 4 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери е утврдено „Клуб може да го промени седиштето на територија на друг ОФС најдоцна 30 дена пред почеток на натпреварувачка сезона односно пред добивање на лиценца за натпреварување во Прва/Втора МФЛ доколку за тоа постојат посебно оправдани причина за кои цени надлежен орган во определена постапка и тоа: за клубови од Прва и Втора МФЛ од Комисијата за лиценцирање на ФФМ; и за клубови од Трета и Општинска лига од Комисијата за регистрација на соодветниот ОФС„

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека се исполнети условите од член 5в став 4 од Правилникот за регистрација,статус и трансфер на фудбалери по што донесе решение како во диспозитивот.

**Комисија за лиценцирање**
Претседател,
Александар Најдовски

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од приемот на решението до Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ со уплата на такса во висина од 12.000,00 денари на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

**ДН:**

- ФК Лабуништа 2011 од с. Лабуништа
- ОФС Струга
- ОФС Тетово
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**